РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
Примено: 29.06.2023г.

| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 01 | 654/1 | / | / |


Проф. д-р Зоран Јаневски

# ИЗВЕШТАЈ НА ДИРЕКТОРОТ ЗА РАБОТАТА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ЈУНИ 2022 – ЈУНИ 2023 ГОДИНА

Извештајот за работата на директорот на Економски институт – Скопје, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се однесува за периодот од 27.6.2022 – 26.6.2023 година. Тој претставува преглед на активности и резултати кои беа реализирани во Институтот, а во најголема мера произлегуваат од Програмата за работа на Економски институт – Скопје за периодот 2022-2025 година.

На почетокот на извештајниот период работењето на Економски институт – Скопје се одвиваше согласно мерките, препораките и заклучоците донесени од Владата на Република Северна Македонија за спречување на ширењето на Ковид-19 вирусот. Со укинувањето на активностите и мерките донесени во насока на спречување на ширење и сузбивање на заразата од Коронавирусот од страна на Владата на РСМ, Институтот повторно, после две години работа во услови на пандемија, се врати во нормален режим на работење.

Извештајот се однесува на активности и резултати кои се превземени и остварени во извештајниот период кои се поделени во следниве категории:

- Научно-истражувачка и стручно апликативна дејност
- Наставно-образовна дејност
- Меѓународна соработка
- Издавачка дејност и библиотечно работење
- Работа на Научниот совет, Институтската управа и други административни активности
- Работа на Одборот за соработка и доверба
- Финансиско работење

## 1. Научно-истражувачка и стручно апликативна дејност

### 1.1 Национални проекти и конференции

Во извештајниот период беа реализирани повеќе активности од научно-истражувачка дејност:

- Заврши реализацијата на научно-истражувачкиот проект „Главни предизвици на малите бизниси во управувањето со човечките ресурси" финансиран од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по Конкурсот за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти за 2021/2022 година.
- Започна реализацијата на научно-истражувачкиот проект „Демографските промени во РСМ во контекст на пописот на населението од 2021 година – причини, последици

и импликации“, финансиран од средствата на УКИМ за научно-истражувачки проекти за 2022/2023 година.

- Во текот на извештајниот период се реализираа активности во рамки на проектот „Подобрување на условите на работа“, од кој произлезе студијата „Анализа на правната рамка за изворите на податоци за неформалната вработеност и непријавената работа во Република Северна Македонија, пречки за нивна размена и препораки за промени на регулативата“.
- Како дел од Програмата за одбележување на 70. Години од основањето на Економски институт – Скопје, на 23.11.2022 година во организација на Институтот се одржа вториот Вебинар на тема „Предизвици и можности за развој на МСП во РСМ“.

## 1.2 Меѓународни проекти и конференции

Во текот на извештајниот период се остварени следните активности:

- На 27 и 28 октомври 2022 година во Белград, Србија се одржа XIV-та меѓународна научна конференција на тема “European Economies after Covid-19: Challenges and implications for the Macroeconomic Policy’’. Конференцијата се организира со поддршка на Министерството за образование, наука и технолошки развој на Република Србија, а организатори на конференцијата, покрај Економски институт – Скопје беа и: Институтот за економски науки од Белград, Србија; Економскиот факултет во Подгорица – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора; Економскиот институт во Сараево, Босна и Херцеговина; Институтот за развој и меѓународни односи во Загреб, Хрватска и Институтот за економски истражувања во Љубљана, Словенија. На конференцијата повеќе од 30 истражувачи од 10 европски и азиски држави ги презентираа своите истражувања пред повеќе од 70 учесници од академскиот и бизнис секторот кои конференцијата ја следеа во живо или онлајн.
- Во текот на извештајниот период продолжи реализацијата на научноистражувачкиот проект PROMETHEUS, Innovation and Entrepreneurship in the Domains of Digital Transformation, Circular Economy and Sustainable Development, EIT HEI INITIATIVE Innovation Capacity Building for Higher Education. Проектот се реализира во соработка и конзорциум со: Машински факултет – Скопје; University of the Aegean, Грција; University of Twente, Холандија; Sapienza University of Rome, Италија; University of Patras, Грција; Crowdpolicy, Грција; European Regional Framework for Co-operation, Грција; и National Research & Development Institute for Food Bioresources, Романија.
- Во овој период се реализираше и финалната евалуација на проектот „Зголемување на граѓанско учество во дигиталната агенда – ICEDA““ (2020-2023) финансиски поддржан од Европската комисија преку ИПА програмата, а врз ооснова на договор за Грант со референтен број IPA/2019-414-059.

## 1.3 Стручно апликативна дејност

Во рамките на стручно апликативната дејност на Институтот се реализираа следниве апликативни проекти:

- Во рамки на потпишаниот ЕДУ партнерски договор (Договор за лиценци за верзијата на софтверскиот пакет Pantheon за образовни институции) со Даталаб МК Дооел се идентификуваа интересиите кај вработените од Институтот за соработка со компанијата во однос на конкретните пакети на услуги и се утврдија правците на понатамошната заедничка соработка. Се одржаа две работилници за претставување на можностите на Pantheon во поглед на негова примена во научно-истражувачката, образовната и апликативната дејност на Институтот.
- За потребите на неколку правни субјекти од Република Северна Македонија се реализираа 14 економски вештачења и една проценка.
- Изготвени се понуди во повеќе постапки за доделување договори за јавни набавки.

## 1.4 Апликации на национални и меѓународни проекти

Во извештајниот период се подготвија следниве проектни апликации:

- На конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2023 година распишан од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, Економски институт - Скопје се јави со апликација, предлог-проект под наслов „Евалуација и унапредување на капацитетите во МСП за примена на еколошко сметководство".
- Изготвена е апликација со наслов: „Воведување на дигитални технологии за трансформација на производствените и деловните процеси на фирмата Јака Нова" на јавниот конкурс на Фондот за иновации и технолошки развој за поднесување на предлог-проекти за финансирање под Инструментот за поддршка на Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст.
- Создавајќи pool на експерти, Економскиот институ – Скопје стана локален партнер во меѓународен конзорциум во спроведување на Рамковниот договор Services for EU's external action 2023 INTPA/2022/EA-OP/0102 во конкретни лотови (6, 7 и 8).
- Економскиот институт - Скопје интензивно учествуваше во активностите поврзани со утврдување на третото ниво (областите) согласно Меѓународната фраскатиева класификација.

## 2. Наставно-образовна дејност

Овој дел од извештајот ги опфаќа активностите кои се однесуваат на вториот и третиот циклус студии во Економски институт – Скопје за учебната 2022/23 година, а се однесуваат на:

- Спроведени конкурси и резултати од уписи на втор и трет циклус на студии за учебната 2022/23 година;
- Реализација на наставните активности на втор циклус студии за учебната 2022/2023 година и информација за самоевалуација за академската 2022/23 година;
- Одбранети магистерски трудови и докторски дисертации за 2022/23 година;
- Промоција на магистрирани студенти на Економски институт – Скопје;
- Иницијатива за меѓународна соработка и мобилност во 2022/2023 година;
- Реализација на студии од трет циклус – докторски студии.

## 2.1 Спроведени конкурси и резултати од уписи на втор и трет циклус на студии за учебната 2022/23 година

Во учебната 2022/23 година на втор циклус студии на Економски институт – Скопје, на осумте студиски програми се запишаа вкупно 15 студенти. Бројот на запишани студенти на втор циклус студии по заедничкиот конкурс на УКИМ објавен во септември за учебната 2022/23 година е вкупно 8 студенти распределени по следниве студиски програми:

- Финансиски менаџмент (4+1) 2, (3+2) 3, односно вкупно 5 студенти;
- Меѓународна економија (3+2) 1 студент;
- Претприемништво (4+1) 1 студент;
- Менаџерска економија (4+1) 1 студент.

На дополнителниот конкурс во февруари 2023 година се запишаа 7 студенти и тоа:

- Финансиски менаџмент (4+1) 2, (3+2) 1, односно вкупно 3 студенти;
- Меѓународен менаџмент (3+2) 1 студент;
- Логистика на бизнисот (4+1) 1, (3+2) 2, односно вкупно 3 студенти.

## 2.2 Реализација на наставните активности на втор циклус студии за учебната 2022/2023 година и информација за самоевалуација за академската 2022/23 година

Предавањата во зимскиот и летниот семестар во академската 2022/23 година се реализираа во целост согласно годишниот план и предвидената динамика, како и согласно акредитираните наставни програми.

Во овој извештаен период во тек е постапката за повторна акредитација на едногодишните и двегодишните студиски програми по: Меѓународна економија, Финансиски менаџмент, Претприемништво, Агробизнис, Меѓународен менаџмент, Логистика на бизнисот и Бизнис менаџмент од втор циклус студии, од страна на Одборот за акредитација во високото образование и Агенцијата за квалитет на високото образование. Притоа, во извештајниот период сите горенаведени елаборати за студиските програми (едногодишни и двогодишни) беа доставени до Одборот за акредитација и за секоја од нив се добиени соодветни забелешки по кои во меѓувреме е постапено. Ревидираните студиски програми се доставени повторно до Одборот за акредитација и за десет од нив, односно Финансиски менаџмент (едногодишни и двогодишни), Претприемништво (едногодишни и двогодишни), Агробизнис (едногодишни и двогодишни), Меѓународен менаџмент (едногодишни и двогодишни) и Бизнис менаџмент (едногодишни и двогодишни) се добиени Решенија за акредитација од Одборот за акредитација на високото образование и Решенија за почеток со работа на студиските програми од Агенцијата за квалитет на високото образование. Воедно, во тек е и постапката за добивање на Решенија за акредитација на уште четири студиски програми, и тоа: Меѓународна економија (едногодишни и двогодишни) и Логистика на бизнисот (едногодишни и двогодишни).

Во перодот од 3 мај до 9 јуни 2023 година од страна на проф. д-р Мустафа Озер, редовен професор на Универзитетот Анадолу, FEAS, Оддел за економија, Ескишекир, Турција, ангажиран како визитинг професор од странство, се спроведоа обуки на тема „Основи на применета економетрија" во насока на подигнување на истражувачкиот капацитет на студентите и младите истражувачи и воведување нови истражувачки методи и модели во научноистражувачката работа на Институтот.

На 69. седица на Научниот совет беше разгледан и усвоен Извештајот за самоевалуација поднесен од Комисијата за самоевалуација на Економскиот институт – Скопје во кој се поместени резултатите од спроведената анкета на студентите, за секој наставник и за сите предмети за академската 2021-2022 година. Анкетните прашалници се обработени, а резултатите за индивидуалните оценки се доставени до секој наставник лично, при што, евидентен е впечатокот дека оцените од самоевалуацијата се извонредно високи.

## 2.3 Одбранети магистерски трудови и докторски дисертации за 2022/23 година

Во извештајниот период, одбраните на магистерските трудови и докторските дисертации се одржуваа со физичко присуство во просториите на Економски институт - Скопје. Вкупно магистрирале 22 студенти, од кои: 12 студенти на студиската програма Финансиски менаџмент, 1 студент на Претприемништво, 5 студенти на Логистика на бизнисот, 1 студент на Меѓународен менаџмент, 1 студент на Агробизнис, 1 студент на Менаџерска економија и 1 студент на студиската програма по Бизнис менаџмент.

На трет циклус на студии, во истиот период, докторирал еден студент на студиската програма по Економски науки.

## 2.4 Промоција на магистрирани студенти на Економски институт – Скопје, Отворени денови и прв академски час

Во ноември 2022 година, Економски институт – Скопје одржа Прв академски час за новозапишаните студенти на вториот циклус студии во учебната 2022/23 година. Настанот се одржа во просториите на Економски институт - Скопје, на кој учествуваа и се обратија до новозапишаните студенти Директорот на Институтот и раководителите на студиските програми на кои имаше запишано студенти.

На 9 мај 2023 година Економски институт – Скопје, заедно со другите Институти - единици на УКИМ, учествуваше на настанот Ден на кариерен развој во организација на Центарот за кариера при УКИМ, со цел промовирање на студиските програми од втор циклус на студии на заинтересираните студенти кои завршиле или се пред крај на студиите од прв циклус.

## 2.5 Иницијатива за меѓународна соработка и мобилност во 2022/2023 година

Во извештајниот период се рализираа повеќе иницијативи за меѓународна соработка, од кои најзначајни се оние со:

- Институт економских наука, Белград, Република Србија;
- TOBB University of Economics and Technology, Анкара, Република Турција
- Istanbul Commerce University, Истанбул, Република Турција
- Uludag University, Бурса, Република Турција

По Конкурсот во рамки на програмата ЕРАЗМУС + Акција 1: Индивидуална мобилност за студенти и наставен кадар за академската 2022/23 година, се пријави еден кандидат - редовен

професор од Институтот и реализираше престој на Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.

## 2.6 Реализација на студии од трет циклус – докторски студии

Економски институт – Скопје учествува во реализацијата на 3 студиски програми на трет циклус – докторски студии, и тоа: Економски науки, Организациски науки и управување (менаџмент) и Статистички методи за бизнис и економија.

Во извештајниот период, согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Кораководителот од Економски институт на студиската програма по Економски науки ја извршуваше и функцијата Претседавач на Советот на студиската програма (од 65. седница заклучно со 77. седница на Советот). Од 78. седница на Советот на студиската програма по Економски науки, функцијата Претседавач со Советот започна да ја извршува Кораководителот на студиската програма од Економски факултет во Скопје. Во истиот период функцијата Претседавач на советот на студиската програма по Организациски науки и управување (менаџмент) ја извршуваше Кораководителот од Економски факултет.

Во академската 2022/23 година на трет циклус студии на Економски институт – Скопје, на студиската програма по Организациски науки и управување (менаџмент) се запишаа вкупно 2 студенти. Од нив 1 студент се запиша на објавениот конкурс на УКИМ за трет циклус на студии во септември 2022 година и 1 студент на дополнителниот конкурс во декември 2022 година.

## 3. Меѓународна соработка

Остварени беа неколку работни средби со директорот на Институтот за економски науки од Белград, Србија. Средбите беа во знак на соработка и договарање на поединости околу одржување на Меѓународната научна конференција која заедно со Економски институт - Скопје ја организираа членките на SEEA Асоцијацијата, на тема: "European Economies after Covid-19: Challenges and implications for the Macroeconomic Policy'', а која се одржа во Белград на 27-28 отомври 2022 година. На средбите, исто така, се договараа и воспоставија начелата за натамошната заедничка соработка на меѓународни проекти и други иницијативи.

На маргините на Конференцијата одржана во Белград во месец октомври се одржа работна средба на која со информации за своите експертизи и актуелни теми на истражување се претставија 14 истражувачи од ЕИС и раководителите на сите департманти од Институтот за економски науки од Белград. На средбата се разговараше за интензивирање и продлабочување на соработката помеѓу колегите од двата института во високообразовната и научно-истражувачката дејност.

Економски институт – Скопје како дел од Network of Open Research Infrastructures in the Western Balkans (OA Network) во извештајниот период продолжи активно да учествува во нејзините активности и иницијативи.

## 4. Издавачка дејност и библиотечно работење

Во текот на извештајната година Уредувачкиот одбор на меѓународното списание Economic Development, кое го издава Економски институт – Скопје, одржа вкупно 4 седници. Во истиот период издадени се 5 броја од списанието, и тоа:

- Economic Development - Економски развој, Year 25 No. 1-2/2023, April 2023 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on line)
- Economic Development - Економски развој, Year 25 No. 5/2022, December 2022 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on line).
- Economic Development - Економски развој, Year 24 No. 4 /2022, October 2022 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on line).
- Economic Development - Економски развој, Year 24 No. 3/2022, October 2022 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on line).
- Economic Development - Економски развој, Year 24 No. 2/2022, October 2022 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, ISSN 1857-7741 (on line)

Останати изданија на Институтот во извештајниот период се:

- Во соработка со останатите членки на меѓународната асоцијација SEEA во извештајниот период е објавен еден број на публикацијата на англиски јазик SEE-6 Economic Outlook (Vol. 8 No. 2, 2022);
- Џамбаска Елизабета и Лозаноска Александра (2023). *Економскиот развој и пазарот на работна сила во Република Северна Македонија во услови на Ковид-19 пандемијата*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, 2023, стр. 152;
- Јаневски Зоран (2022). *Дигитална економија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски институт – Скопје, 2022, стр. 237;
- Ангелова Билјана (2022). *Сметководство за менаџмент*, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт – Скопје, 2022, стр. 365;
- Piperkova Irina and Djambaska Elizabeta (Eds.) (2022). Book of Abstracts, International Scientific Conference “Contemporary challenges of economic growth and sustainability of businesses”, Institute of Economics – Skopje, 2022, pp.138.

На размена се добиени 10 наслови на странски списанија, а библиотечниот фонд е збогатен и со 69 наслови на книги, од кои голем дел се се магистерски и докторски трудови одбранети во Економскиот институт – Скопје.

Работата на библиотеката во Економски институт е од затворен тип и нејзини главни корисници се вработените во Институтот. Покрај нив, корисници на библиотечниот фонд се и студентите на вториот циклус на студии и докторантите на Институтот.

Библиотечното работење ги опфати следниве активности: спроведување на техничка и компјутерска обработка на библиотечниот материјал и негова евиденција согласно важечките библиотечни стандарди; следење и применување на правилата и прописите од областа на библиотечното работење; подготвување на одбранети магистерски и докторски трудови за испраќање во НУБ „Св. Климент Охридски“; активности во врска со работењето на Уредувачкиот одбор за издавање на списанието „Economic development“ („Економски развој“) и други активности.

## 5. Работа на Научниот совет, Институтската управа и други административни активности

### 5.1 Работа на Научниот совет

Во периодот од 27.6.2022-26.6.2023 година одржани се 14 седници на Научен совет (од 67, заклучно со 80 седница). Активностите на Научниот совет беа во рамките на надлежностите утврдени со Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на Економски институт - Скопје.

Реализираните активности на Научниот совет може да се поделат во неколку карактеристични групи:

- Првата и најобемната активност на Научниот совет беа точките кои се однесуваа на одлучување за прашања од вториот циклус на студии.

  Во оваа група на преземени активности, Научниот совет одлучуваше за прифаќање на пријави за изработка на магистерски трудови и определување на ментори; одлучување за формирање на комисии за оцена на магистерски трудови и формирање на комисии за одбрана на магистерските трудови. Врз основа на овие активности беа организирани и одбрани на магистерските трудови, односно вкупно 22 одбрани во текот на извештајниот период.

- Слични активности се преземени и за докторските дисертации, со тоа што тие беа организирани како заеднички студиски програми со Економскиот факултет и Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања. Во таа смисла, Научниот совет, главно, разгледуваше и донесуваше одлуки за формирање на комисии за оцена и одбрана, предлог – листа на слободни ментори за трет циклус на студии, како и за организирање на една одбрана на докторска дисертација. Исто така, се одржа и конференција на трет циклус на студии на која земаа учество и двајца докторанти од Економски институт - Скопје запишани на студиската програма по Организациски науки и управување (менаџмент).

  Во извештајниот период се акредитираа седум нови ментори на трет циклус на студии на студиските програми по Организациски науки и управување (менаџмент) и Економски науки.

- Економскиот институт според годишната програма донесена од Научниот совет организираше вебинар под наслов: „Предизвици и можности за развој на МСП во Република Северна Македонија“ како дел од јубилејот 70 години од основањето на Економскиот институт.

- Започната е постапката за избор на три лица во наставно-научно звање редовен професор.

- Извршен е избор на три лица во соодветно звање, односно на едно лице во наставно – научно звање редовен професор, едно лице во соработничко звање асистент и едно лице во наставно - научно звање доцент.

- Се распиша јавен оглас за вработување во стручно-административната служба и се вработи едно лице на работно место самостоен референт архивар.

- Во делот на научноистражувачката и апликативната дејност, Научниот совет усвои предлози за изработка на една монографија (финансирана од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје) како и еден предлог – проект.

- Научниот совет донесе одлуки за изготвување на учебни помагала по одредени предмети на вториот циклус на студии.
- Научниот совет донесе одлуки за повторна акредитација на 14 студиски програми на втор циклус на студии (едногодишни и двегодишни студии).
- Се донесе одлука на Научниот совет за ангажирање на визитинг-наставник од Универзитет во странство со цел наставникот да биде вклучен и во научноистражувачката работа во Институтот, односно во научно-истражувачки проекти; подигнување на истражувачкиот капацитет на младите истражувачи и воведување нови истражувачки методи и модели во научно-истражувачката работа на Институтот.
- Научниот совет усвои Предлог-заклучок за дефинирање на третото ниво (областите) од Меѓународната фраскатиева класификација од 2015 година.
- Во рамките на финансиските надлежности, донесена е завршната сметка за 2022 година и финансискиот план за 2023 година.
- Во овој извештаен период е отпочната и завршена постапката за избор на двајца сенатори во Универзитетскиот сенат за периодот 2023 – 2026 година и воедно се спроведе постапка за избор на членови на комисија за избор на ректор за периодот 2023 – 2026 година и нивни заменици.
- Научниот совет имаше и други точки на дневен ред по кои донесуваше одлуки и други акти. Во рамките на овие активности едни од покарактеристичните беа: давање на согласности за ангажирање на лица со наставно–научни звања вработени во Економскиот институт - Скопје на други единици во состав на Универзитетот; го усвои Извештајот на Комисијата за самоевалуација; донесе одлука за промена на членови на Комисијата за самоевалуација од редот на наставно-научниот кадар и од редот на студентите; донесе одлуки за промена на членови на Одборот за соработка и доверба со јавноста и за промена на членови на Уредувачки одбор; го усвои Записникот за реализација на упис и прелиминарна листа на упис на студенти на втор циклус на студии во академската 2022/23 година и сл.

## 5.2 Работа на Институтска управа

Во текот на извештајниот период, Институтската управа одржа вкупно 11 седници (од 54, па заклучно со 64 седница). Активностите на Институтската управа беа во рамките на надлежности утврдени со Статутот на Економскиот институт.

Според точките кои беа поставувани на седниците на Институтската управа, може да се заклучи дека е расправано, главно, за прашања од тековно и финансиско работење. Позначајни точки кои беа поставувани и по кои беше одлучувано на седниците на Управата може да се набројат: завршната сметка за 2022 година, финансискиот план за 2023 година, планот за јавни набавки за 2023 година и други прашања кои навлегуваат во финансиската сфера, и тоа:

- Како и во претходните години така и во изминатата година, најголем број на прашања кои беа предмет на одлучување на седниците на Институтската управа, секако, се прашањата кои се однесуваат на јавните набавки, односно донесување, покрај Планот за јавни набавки со неговите измени и дополнувања, и на поголем број на одлуки за отпочнување на постапки

за јавни набавки. Така, донесени се вкупно седум одлуки за отпочнување на постапки за јавни набавки, во согласност со Планот за јавни набавки за 2023 година.

- Дел од активностите на Институтската управа беа насочени кон пописот на основни средства, ситен инвентар и потрошен материјал како и побарувањата, обврските и благајната за 2022 година. Во врска со тоа, од страна на Институтската управа беа формирани соодветни комисии кои успешно ја извршија својата работа.

- Покрај овие основни активности, Институтската управа се занимаваше и со други прашања од значење за нормално функционирање на Институтот, како што се: донесување на одлука за издвојување на средства од сопствени приходи за учество на конференција која што се одржа во Белград; утврдување на предлог за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Економскиот институт; се утврди предлог за донесување на одлука за остварување на правото на надоместок за годишен одмор (регрес) на вработените во Економскиот институт – Скопје за 2022 година; се утврдија предлози за определување на раководител на студиската програма Бизнис менаџмент и за промена на кораководители на студиска програма Логистика на бизнисот и определување на раководител; се донесе одлука за определување на секретари на студиски програми организирани од Економскиот институт; се донесе одлука за промена на член на Одборот на евиденција и соработка со дипломираните студенти на Економскиот институт (алумни). Институтската управа му предложи на Научниот совет ангажирање на визитинг-наставник од Универзитет од странство.

## 5.3 Стручно - административни активности

Во рамките на утврдената надлежност, стручно-административната служба на Економски институт – Скопје врши стручни, административни, правни, технички и општи работи за потребите на Институтот, а кои се однесуваат на правните, општите и техничките работи заради подготвување на материјали за седниците на органите на Институтот и нивните помошни тела; ги следи и применува законите, подзаконските акти и другите прописи и ги изготвува правните акти во надлежност на органите на Институтот; го води архивското работење; спроведува евиденции при упис на студенти и ги формира, води и чува досиејата на студентите; ги води матичните книги на запишани и главни книги на дипломирани студенти; изготвува потврди, уверенија, дипломи и други исправи на студентите; изготвува статистички извештаи; изготвува анализи и прегледи за потребите на Универзитетот, Институтот и на надлежните државни органи и установи; спроведува одлуки на органите на Институтот кои се однесуваат на правилата на студирање; ги следи прописите од делокругот на работата; работи непосредно на активности поврзани со подготвувањето, изменувањето и реализацијата на буџетот на Институтот; врши подготовка, прием и контролата на сметководствената документација; евидентира сметководствена документација; остварува благајничко работење; изготвува пресметки на плати и други финансиски и сметководствени работи; собира, уредува и распоредува научна, студиска и друга стручната литература; се грижи за библиотечното работење како и други работи поврзани со работата на Службата и на Институтот во целина.

Имајќи ја предвид оваа општа надлежност, осумте вработени во стручно-административната служба ги реализираа следниве активности:

1. Во **нормативно – правниот дел**, реализирани се неколку позначајни активности:

- изготвени се и доставени плановите за вработување за 2024 година, кои се во процедура во Универзитетот, Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација;
- изготвени се повеќе одлуки, решенија и други акти како резултат на работата на Научниот совет, Институтската управа, Уредувачкиот одбор, Одборот за соработка и доверба и на други органи и тела на Институтот;
- изготвени се повеќе акти од интерес за студентите (потврди, уверенија, дипломи, решавање на статусот на студент на повеќемина студенти);
- изготвени се повеќе акти за регулирање на статусот на студентите;
- остварувана е секојдневна комуникација со студентите заради решавање на нивните барања;
- остварувана е, како усна, така и писмена комуникација со Универзитетот, министерствата и други органи и институции, во функција на остварувањето на дејноста на Институтот;
- успешно е спроведена постапката за вработување на едно лице во соработничко звање асистент, едно лице во наставно-научно звање доцент и едно лице во стручно-административната служба на работно место самостоен референт архивар;
- вршени се и други секојдневни активности кои се од надлежност на Службата.

Особено значајни активности на Службата се вршеа во однос на регулирање на имотно–правниот статус на просторот во кој е сместен и работи Економски институт - Скопје. Овие активности се иницијално отпочнати минатата година, но сите поважни дејствија се случени во текот на оваа. Имено, изготвениот Геодетски елаборат, заедно со анексите изработени од страна на овластениот геодет е доставен до Државниот правобранител за повторно проследување на Елаборатот до Агенцијата за катастар. Се очекува конечно завршување на постапката за имотно–правниот статус на објектот и позитивна долгоочекувана разрешница. Со тоа, ќе се затвори еден сериозен проблем стар повеќе од 30 години.

2. **Финансиско-сметководственото работење**, како дел од активностите на Стручната и администравна служба во Економскиот институт се огледа во најразлични активности, како што се:

- пресметка и изработка на плата за вработените во Економскиот институт;
- пресметка и исплата на авторски хонорари;
- изработка на годишен финансиски план и финансиски планови по квартали;
- пресметка и исплата на интегративни функции кон Универзитетот;
- благајничко работење;
- водење на финансиско сметководство (аналитички и синтетички);
- подготвување и поднесување на налози за плаќање до Трезорската канцеларија на Министерството за финансии;
- изготвување на финансиски проекции за предлог-буџетски пресметки за Економскиот институт и
- други активности поврзани со финансиско–сметководственото работење.

Финансиското работење на Економскиот институт во текот на периодот 27.6.2022-26.6.2023 година е прикажано преку остварените приходи, расходи и финансиски резултат на сопствената и на буџетската сметка.

На сметката за сопствени приходи во 2022 година се остварени 14.364.556 денари. Вкупните расходи за истиот период изнесуваат 5.837.131 денари, а пренесено салдо за 2023 година изнесува 8.527.425 денари.

Табела 1. Преглед на остварени приходи и реализирани расходи од сопствена сметка за 2022 година

| Ред бр. | ОПИС | Реализирано 2021 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварен вкупен приход | 15.489.910 | 14.364.556 |
| 2 | Остварени вкупни трошоци | 5.869.443 | 5.837.131 |
| 3 | Добивка пред оданочување | 9.629.467 | 8.527.425 |
| 4 | Данок на добивка | 0 | 0 |
| 5 | Распределба на добивката по оданочување (за пренос во наредна година) | 9.629.467 | 8.527.425 |
| 6 | Непокриени трошоци | 0 | 0 |

Средствата обезбедени од буџетската сметка се минимални за непречено одвивање на тековното работење, така што Институтот прави постојани усилби за економично трошење на сопствените средства од каде се реализираат поголемиот дел на тековни и инвестициони активности. Речиси сите расходи (тековни и инвестициони) Институтот ги подмирува од сопствената сметка со исклучок на режиските трошоци и расходите за плати и надоместоци.

Средствата обезбедени на буџетската сметка се реализирани според следниве намени:

Табела 2. Реализирани средства на буџетска сметка за 2022 година

| Ред бр. | ОПИС | Реализирано 2021 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од Министерство за образование | 19.992.434 | 20.373.524 |
| 2 | Расходи за плати и надоместоци | 17.375.802 | 19.904.949 |
| 3 | Расходи за комунални услуги | 266.474 | 345.209 |
| 4 | Материјали и ситен инвентар | 261.255 | 0 |
| 5 | Печатење | 65.587 | 0 |
| 6 | Членарини | 64.206 | 0 |
| 7 | Договорни услуги | 1.901.622 | 0 |
| 8 | Други трансфери (пензионирање, посмртни трошоци) | 57.488 | 123.366 |

3. Во сферата на **јавните набавки**, реализирани се повеќе активности, во согласност со донесените планови за јавни набавки за 2022 и 2023 година.

Во извештајниот период се вршени и други бројни работни активности според потребите на работата и тоа: изготвени се планови за јавни набавки; изготвени се евиденции на извршени тендерски постапки за потребите на БЈН, ажурирани се податоците во ЕЈСН (квартални евиденции, објавување на склучени договори, како и објавување на реализација на договори);

извршени се бројни порачки на стоки и услуги по веќе склучени договори за јавни набавки и слично.

Поконкретно, во извештајниот период се завршени или отпочнати следниве активности:

- усвоен е годишен план за јавни набавки за 2023 година, со неколку изменувања и дополнувања;
- донесена е одлука за набавка на услуги од авторска агенција, по пат на поедноставена отворена постапка, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, неделив тендер, за период од две години – во тек е реализација;
- донесена е одлука за набавка на услуги за објава на огласи во печатени јавни гласила на македонски и албански јазик, за фотокопирање, укоричување и други слични услуги на печатење, по пат на поедноставена отворена постапка, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на услуги за одржување на софтвер за сметководствено, финансиско и материјално работење (мала вредност) - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на канцелариски материјали (хартија, тонери, регистратори, архивски кутии, картонски папки, пликоа и ситен канцелариски материјал), по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, делив тендер, за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за набавката на електрична енергија по пат на отворена постапка, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН (Групна набавка, за период од една година, спроведена преку Ректорат) – реализиран;
- донесена е одлука за набавката на услуги за сервисирање, контрола и полнење на противпожарни апарати - реализиран;
- донесена е одлука за јавна набавка на услуги за чистење и одржување на хигиена во деловните простории на Економскиот институт - Скопје по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку електронскиот систем за јавни набавки, со користење на електронска аукција за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за набавка без јавен оглас во вредност под 1000 евра за набавка на угостителски услуги за кој се обезбедени средства од сопствени приходи - реализиран;
- донесена е одлука за јавна набавка на услуги за одржување на системот за видео-надзор и системот за контрола на пристапот по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за јавна набавка на услуги на лекторирање на текстови напишани на македонски јазик и стручно читање и лекторирање на текстови напишани на англиски јазик, по пат на набавка од мала вредност со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на телекомуникациски услуги за фиксна и мобилна телефонија и интернет пристап, по пат на поедноставена отворена постапка – во тек е реализација;

- донесена е одлука за набавка на услуги за оддржување, сервис и поправка на информатичка опрема, по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на услуги за резервација и набавка на авиобилети за европски и интерконтинентални дестинации, по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, за период од две години - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на токени за електронски потпис - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на услуги за дизајн и оддржување на веб страната на Институтот - реализиран;
- донесена е одлука за набавка на услуги за осигурување на имот, на професионална одговорност на проценители и вешти лица и на вработени по пат на набавка од мала вредност – реализиран.

4. Активностите со студентите кои студираат на вториот циклус (**студентски прашања**) се разновидни и постојани. Во вршењето на овие активности особено место заземаат следниве работи и задачи:

- вршење на прием и распоредување на пријавите за полагање испит на студентите;
- заверка и запишување на семестри;
- изготвување податоци за текот на испитните рокови;
- секојдневно комуницирање и давање неопходни упатства на студентите заради реализација на нивните активности на студиите од вториот циклус;
- подготвување на податоци за изготвување на уверенија, дипломи и други исправи на студентите;
- следење и применување на правилата за студирање и другите прописи од делокругот на работата и ги спроведуваа одлуките на органите на Институтот кои се однесуваат на делокругот на работата на Службата.

Покрај овие основни и секојдневи активности, во рамките на овие работи и задачи се вклучуваат и работите поврзани со водењето на матичните книги и други статистички податоци за потребите на органите и телата и изработката на пресметките за надоместоци за наставниот и ненаставниот кадар.

Особено место во активностите на извршителот ангажиран за студентските прашања се активностите поврзани со двата уписни рокови на вториот циклус на студии, во учебната 2022/2023 година. Имено, во септемврискиот и јануарскиот уписен рок, запишани се вкупно 15 студенти, од кои во септемврискиот уписен рок се запишале осум, а во јануарскиот седум студенти.

Во овој период во Економскиот институт магистрирале 22 студенти.

5. **Архивското работење** е во рамките на активностите кои се предвидени во актот за систематизација и, главно, остварувани се следниве работи и задачи:

- вршење на помошно–стручни работи во врска со канцелариското работење на Институтот (прием, прегледување и распоредување, заведување, доставување,

административно-техничко обработување, испраќање, разведување и класифицирање на документот/записот);

- одбирање на архивскиот од документарниот материјал; средување, евидентирање (попис и опис) и категоризација на архивскиот материјал; попишување на документарниот материјал на кого му изминал рокот за чување; уништување на предложениот документарен материјал; сместување, чување, заштита, обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во соодветен простор, стандардна опрема, техничко-технолошки средства и предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Државниот архив;
- водење на основна евиденција на документите (деловодник) и помошни книги за евиденција на документите;
- користење и чување на печатите и штембилите;
- адресирање, ковертирање и подготвување материјали за доставување.

Претходно наброените активности се извршуваат како секојдневни, вообичаени активности. Покрај овие постојани активности, работата на архивата, односно архиварот се огледа и во секојдневна комуникација со студенти и други лица, доставување на разни документи на барање на студентите или другите лица, работа со телефонската централа, вршење на активности при уписот на студентите и сл.

## 6. Одбор за соработка и доверба

Со донесувањето на Статутот на Економскиот институт - Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 447/2019) се создаде правна основи за формирање на Одбор за соработка и доверба, со надлежности утврдени, како со закон, така и со Статутот на Институтот. Во Статутот се утврдени како неговите надлежности, така и структурата на ова тело.

Одборот за соработка и доверба, со оглед на променетата надлежност утврдена во Статутот, објективно има помалку ангажман, па оттаму, и намалениот број на одржани седници. Така, во извештајниот период е одржана само една седница на Одборот за соработка и доверба, кога се усвоија препораките за општествената оправданост на студиските програми од втор циклус кои влегоа во постапка за нивна повторна акредитација.

Скопје, 29.6.2023 година

Директор,

Д-р Зоран Јаневски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ
* СКОПЈЕ *